| | - Поттикнување на истражување и тимска работа, соработка;<br>- Промовирање на волонтерската работа во училиштето и заедницата;<br>- Организирање воннаставни активности, културни и јавни активности во простор соодветен за возраста. | - Број на акции и активности посветени за заштита на децата од насилство, формирање врсничка заштита, воспоставување мрежи за превенција и интервенции на ниво на одделение, училиште  и локалната заедница;<br>- Број на средби и интервенции на Училишен парламент и врснички тимови ангажирани за заштита и градење безбедна средина и стимулативна врсничка заедница. | Тим за ненасилство, наставници, стручна служба, директор, надворешни соработници. |
| | - Поддршка на родителите за активно учество во подигнување на свеста за ненасилство. | - Број на  вклучени родители;<br>- Број на заеднички акции (мини-проекти);<br>- Број на активности / манифестации што ги иницираат родителите. | Тим за ненасилство, наставници, родители, ученици. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ: Безбедност, превентивни и заштитни улоги во училишниот спорт и спортските активности за да ги заштитат децата / учениците - Локално ниво. | Обезбедување превентивни и заштитни улоги во училишниот спорт и спортските активности за заштита на децата / учениците;<br>- Вклучување на познати спортисти и спортски работници во спорт активности во институциите;<br>- Организирање спортски активности за време на летните и зимските одмори. | - Број на реализирани спортови активности и манифестација на ниво на локална заедница;<br>- Број на реализирани фер-плеј турнири на кои учениците се „чувари“ на редот и фер- игра. | Тим за ненасилство, наставници, родители, стручна служба, локална заедница, надворешни соработници, ученици. |

**Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште**

| Планирана програмска активност | Време на Реализација | Реализатор | Целна група | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Обезбедување од страна на приватна агенција според посебна програма за работа. | Во текот на учебната година | Агенција за Обезбедување | Учениците | Намалување и превенција на инциденти на насилно однесување и ограничен пристап на надворешни лица во училиштето од безбедносни причини. |
| Секојдневно дежурство од страна на наставниците со определено место и задачи со водење секојдневна евиденција и записи како поминало дежурството. | Во текот на учебната година | Сите наставници | Учениците | Превенција од инциденти на насилно однесување. |
| Вклучување во проекти на тема справување со насилство од страна на други институции. | Во текот на учебната година | МВР, Општина Кисела Вода, НВО | Ученици, наставници и педагошко-психолошка служба | Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти и намалување на насилно однесување. |
| Организирање работилници за учениците во и надвор од училиштето за справување со конфликти на конструктивен начин. | Во текот на учебната година | НВО, училишен парламент, наставници | Учениците | Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти. |

# 16.ОЦЕНУВАЊЕ

## 16.1 ВИДОВИ ОЦЕНУВАЊЕ И КАЛЕНДАР НА ОЦЕНУВАЊЕТО

Учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно, дистрибуцијата на постигањата е во распон од прво до петто ниво. Покажаните постигања укажуваат на висок број ученици во највисокото ниво. Во учебната 2023/24 година, 217 ученици од прво до трето одделение се оценети описно и тоа во три нивоа.

Учениците од прво одделение, сите 76 се оценети во највисоко – прво ниво.

Учениците од второ одделение се оценети во две нивоа и тоа најголем број се оценети во првото,највисоко ниво,додека одреден број ученици се оценети во трето ниво и тоа по предметите: македонски јазик 4 ученика,математика 4 ученика,ликовно образование 1 ученик, музичко образование 1 ученик, општество 3 ученика, природни науки 4 ученика.

Учениците од трето одделение се исто така описно оценети и тоа во две нивоа. Најголем дел од учениците се оценети во првото, највисоко ниво и тоа сите ученици од првата и третата паралелка, додека од втората има дел од учениците кои се оценети и во второто ниво по предметите: природни науки 7 ученика и физичко и здравствено образование 7 ученика.

Во проценката за постигањата земени се предвид когнитивните, афективните и моторичките вештини на учениците.

Учениците од четврто до деветто одделение, го постигнаа следниот среден успех:

| Одделение | Среден успех | Среден успех на генерација |
|---|---|---|
| IV1 | 4.96 | 4.95 |
| IV2 | 4.95 | |
| IV3 | 5.00 | |
| V1 | 4.89 | 4.89 |
| V2 | 4.80 | |
| V3 | 4.91 | |
| VI1 | 4.86 | 4.86 |
| VI2 | 4.82 | |
| VI3 | 4,77 | |
| VII1 | 4.97 | 4.81 |
| VII2 | 4,78 | |
| VII3 | 4.91 | |
| VIII1 | 4.85 | 4.74 |
| VIII2 | 4.61 | |
| VIII3 | 4.91 | |
| IX1 | 4.91 | 4.84 |
| IX2 | 4.79 | |
| IX3 | 4.77 | |

**Планирање за оценување во следната 2024/2025 учебна година**
**Цели:**

| Давање стручна помош за квалитетно оценување | Стручни соработници | Континуирано | Наставниците добиле стручна поддршка за подобрување на оценувањето |
|---|---|---|---|
| Професионално усовршување на наставниците за изготвување објективни тест, задачи | Директор, стручен соработник, тим за сумативно оценување | октомври | Наставниците од предметна и одделенска настава учествувале во дискусии за сумативно оценување во рамките на стручни активи |
| **ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Планирање на формативно оценување во тематските процесни планирања | Тим наставници за оценување одделенски и предметни наставници | континуирано | Изработени тематско- процесни планирања со методи на формативно оценување и нивна примена |
| Спроведување валидни методи за формативно оценување, согласно наставните цели | Тим наставници за оценување, одделенски и предметни наставници | континуирано | При формативното оценување наставниците поставуваат прашања на различни нивоа на комплексност, планираат есејски прашања за проверка на наставни цели од повисоко ниво, ги користат стратегиите на самооценување и оценување од страна на учениците; 100% од наставниците користат портфолио, 30% од наставниците оценуваат преку изведбени активности, 50% од наставниците формативната оценка ја базираат на проектните активности. |
| Изготвување валидни и релијабилни инструменти за оценување | Тим наставници за оценување, одделенски и предметни наставници | континуирано | Наставниците користат чек листи,скали за проценка , аналитички и холистички листи за оценување. |

## Осовременување и подобрување на квалитетот на оценување, одобрување на постигањата на учениците

| Планирана програмска активност | Реализатор | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|
| Спроведување на усогласена писмена политика за оценување | Тим за оценување, директор, стручен соработник | август-септември | 90% од наставниците ја спроведуваат политиката за оценување |
| Изработка на план за писмено оценување | Наставници, актив на предметни наставници | август | Изработен и објавен план за писмено оценување |
| Следење на квалитетот на оценувањето (сумативно и формативно) | Директор, стручен соработник, тим за оценување | континуирано | 80% од наставниците се придржуваат кон стандардите за оценување во практиката. |
| Информираност за постигањата | Одделенски и предметни наставници | континуирано | Наставниците даваат навремена повратна информација на учениците, родителите се информирани за успехот. |
| **ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ** | | | |
| Обезбедување информации за индивидуален Напредок кај учениците | Одделенски и предметни наставници, Стручен | континуирано | Подобрување на комуникацијата наставник, ученик, родител во однос на оценувањето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | соработник, директор | | |
| Користење и изготвување табели на спецификација | Стручен соработник, наставници од активи | континуирано | Наставниците изготвуваат табели за изведување годишна оценка која се базира на сите изучени теми преку темелно проверување |
| Анализа на полугодишниот успех на учениците | Стручен соработник | февруари | Следење на постигањата на учениците и преземање мерки за подобрување, следење на постигнувањата и напредокот на учениците |

За оценување на учениците со попреченост, секој предметен наставник во индивидуалните програми ги истакнува целите кои треба да ги исполни ученикот, а според нив и преку индивидуални тестови направени од предметните наставници во соработка со дефектолог и психолог како и преку следење на час и други практични активности во согласност можностите на тој ученик, ќе се формира и оценката по даден предмет, од предметниот наставник.

Во текот на целиот наставен процес, родителите ќе бидат благовремено известени за тековниот како и сумарниот успех на учениците преку тековните тестирања со повратна писмена информација, преку е-дневникот, преку индивидуални родителски средби, групни родителски средби, усно или писмено преку евидентни листови. Исто така контактите со родителите освен со физичко присуство ќе се обавуваат и преку телефонски повици или вибер - комуникација.

## 16.2 ТИМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗА И ПОДДРШКА

Во училиштето ќе се организира систематско следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа. Следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно-образовната работа опфаќа:

1. Следење на планирањето и подготовката на целокупната воспитно – образовна работа во училиштето;
2. Планирање и подготовка на наставниците за изведување настава, согласно потребите ќе се евалуира и онлајн наставата;
3. Водење на педагошка документација и евиденција;
4. Планирање, програмирање и реализација на активностите на педагошко- психолошката служба во училиштето;
5. Следење, проверување и вреднување на успехот што го постигнуваат, учениците и наставниците во наставата и вонnаставните активности;
6. Успехот на учениците ќе се следи континуирано од страна на сите релевантни субјекти и ќе се настојува да се постигне што пообјективно оценување;
7. Перманентно стручно усовршување на директорот, стручниот соработник, наставниците;
8. Воспитно-образовниот кадар перманентно стручно ќе се усовршува низ различни форми:
    - преку обработка на теми на Стручни активи;
    - преку учество на семинари и советувања организирани од страна на БРО и интерно стручно усовршување;
    - преку следење на стручна литература.
9. Водење педагошка евиденција и документација во рамките на сите подрачја што ја сочинуваат дејноста на училиштето.
10. Следење и евалуација на проектните активности.

***Вреднување на работата на наставникот***

Во учебната 2024/25 година ќе се следат и вреднуваат планирањата и подготовките за наставата. Сите наставници се должни да ги достават новите годишни глобални планови како и првите наставни теми до септември во тековната година. Исто така, секој од нив треба да поседува дневна подготовка (сценарио за час) за реализација на наставниот час, а 2 од нив ќе бидат предмет на анализа.

Следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници ќе го врши директорот, стручниот соработник, советници од Бирото за развој на образованието и

Државниот просветен инспекторат. Следењето и вреднувањето на работата на наставниците ќе опфати:

- Настава и други видови организирана работа со учениците;
- Следење и оценување на учениците;
- Планирање на наставата, избор на форми, методи и средства за нејзино реализирање;
- Подготовка на дидактички помагала;
- Соработка со родителите;
- Вршење задачи на одделенски раководител и спроведување на ОЖВ работилници;
- Учество во интерно проверување на учениците;
- Водење педагошка евиденција и документација;
- Уредување на кабинети, игралишта сл.
- Организирање културни, спортски и други општествено корисни активности со учениците;
- Водење на слободни ученички активности и работа на проекти и истражувања со учениците;
- Подготвување и изведување екскурзии, излети, натпревари, настава во природа и сл;
- Учество во училишни проекти;
- Сертификација;
- Стручната служба и директорот континуирано ќе го следат напредокот на наставниците преку Професионално досие за наставниците и стручните соработници.

## 16.3. СТРУЧНИ ПОСЕТИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Во текот на целата учебна година предвидено е да се планираат посети на часови на наставниците од страна на директорот и стручната служба во училиштето, со цел да се следи образовниот процес,да се подобри во дадени сегменти целокупната состојба и квалитетот на наставата.

## 16.4. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Врз основа на  чл. 149 од Законот за основно образование ( Сл.весник на Република Македонија бр.103/8,33/10,116/10,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12, и 24/13), министерот за образоавние и наука донесе Правилник за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата во основните училишта , објавено во Сл. весник бр.19 од 29 јануари 2014 година, стр.166.

Планот и спроведувањето на самоевалуацијата во ООУ „Кузман Јосифовски – Питу“ се базира на промените во правилникот за самоевалуација.

Членови на училишната комисија за самоевалуација и Развојно планирање на училиштето се : Билјана Балева, Јасмина Велевска Каскаровска, Зорица Станоевска, Загорка Батункова и Љупка Туџарова Крстевски.

Со самоевалуацијата ќе бидат опфатени сите подрачја и индикатори кои придонесуваат за квалитет и ќе влијаат на подобрување на дејноста и работата на училиштето.

Самоевалуацијата ќе даде релевантни показатели за:

- Квалитетот на работата на училиштето;
- Ќе ги идентификува областите за кои е потребно дополнително подобрување;
- Определување на слабите и јаки страни на улилиштето.

# 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во училиштето сите заедно ќе се залагаат за безбедност во наставниот процес  и вонншаставите активности. Училиштето ќе обезбеди чувство на сигурност, на сите присутни во училиштето како и во училишниот двор. Основна цел на безбедноста е сите учесници во воспитно-образовниот процес да се чувствуваат згрижени, заштитени од сите видови опасности. Во училиштето постои Правилник за заштита од пожари и експлозии и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи *бр. 03-523/1 од 03.12.2012.

Врз основа на член 94 став  3 од Закон за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр.93/2012), План за мобилизација на силите за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи  за  ООУ ,,Кузман Јосифовски –Питу,,  Кисела Вода -Скопје бр.02-757 од 24.12.2021 година и член  113 од Законот за основно образование  (сл.весник на

РСМ бр.161/2019, 229/20), Директорот на ООУ„ Кузман Јосифовски –Питу“, -Скопје Општина Кисела Вода формира комисии на просторни сили за заштита и спасување во Централното и Подрачното училиште.

Во централното училиште се следните комисии:

**1.За командир на одделение е назначен :**
-Владо Трпковски - хаусмајстор
**2.За водител на сектор приземје (екипа 1) е назначен :**
-Роберт Мојаноски - наставник по ФЗО
За извршители на сектор приземје (екипа 1) се назначени :
- Петар Филиповски - предметен наставник
-Јулка Митева – хигиеничар
-Јулија Митреска – предметен наставник
**3. За водител сектор прв спрат (екипа 2) е назначен :**
-Наташа Петровска Дургутов - наставник по ФЗО
За извршители на сектор прв спрат се назначени :
-Бојана Стојчевска - одделенски наставник
-Младенка Велевска - хигиеничар
-Лилјана Данилов - предметен наставник
**4.За водител на сектор втор спрат (екипа 3) е назначен :**
-Билјана Младеновиќ-одделенски наставник
За извршители на сектор спрат (екипа 3) се назначени :
-Љубица Нешковска - хигиеничар
-Павлина Урдаревска - предметен наставник
-Драга Дамчевска - одделенски наставник
**Во подрачното училиште се следните комисии:**
**1.За командир на одделение е назначен :**
-Владо Трпковски - хаусмајстор
**2.За водител на сектор приземје е назначен :**
-Славе Николов-наставник по ФЗО
За извршители на сектор приземје се назначени :
-Викторија Смилевска - наставник во ПП
-Гордана Симоновска - хигиеничар
-Наташа Тасевска - одделенски наставник

Просторните сили за заштита и спасување се употребуваат од страна на органот кои ги формирал во услови на природни непогоди и други несреќи со цел заштита и спасување на луѓето и материјалните добра.

Тимот за намалување на насилството, составен од предметни, одделенски наставници и психолог го применуваат училишниот информатор за ненасилно однесување во училиштето. Формирани се тимови во одделенските заедници, кои преку свои предлози и активности, се справуваат со несоодветни вербални и физички однесувања во самото одделение преку разговор, преку организирање работилници на кои се испишани пораки за примерно однесување, пружање помош на кого му е потребна и почит меѓу нив, чување и одржување на училишниот инвентар, училиштето и училишниот двор.

Исто така, во рамките на училишната заедница реализирани се работилници од ОЖВ. Во училиштето , тимовите на одделенската заедница ги собираат сите информации од учениците, а потоа заедно со психологот, ученикот правобранител и училишниот парламент се решаваат сите недоразбирања во сите сегменти

# 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

## 18.1 ХИГИЕНА ВО УЧИЛИШТЕТО

Во училиштето ќе се одржува постојана хигиена на високо ниво, како од страна на хигиеничарите кои постојано ќе водат грижа за чистота и дезинфекција на просториите во кои претстојуваат учениците и вработените во училиштето,така и од самите наставници ,стручната служба и учениците со внимавање,одржување хигиена преку често миење на рацете и итн.

Хигиената во училиштето во двата објекта ја одржуваат 6 хигиеничари. Училиштето преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената во училниците и другите училишни простории. Дежурните наставници за време на одморите, а и сите други за време на часовите се грижат и

интервенираат во училиштето и училишниот двор.

## 18.2 СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ

| ***Планирана програмска активност*** | ***Време на реализација*** | ***Реализатор*** | ***За кого се реализира*** | ***Очекувани ефекти*** |
|---|---|---|---|---|
| **Систематски преглед** | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Прво одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| **Систематски преглед** | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Трето одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| **Систематски преглед, залевање на први трајни молари и издавање на медицински белешки за упис во прво одделение** | мај | Во амбуланта | Ученици | Заштита и превенција на заби |
| **Систематски прегледи** | Во текот на учебна година | Претставник од здравствена установа | I-III-V-VII одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |

Сите систематски прегледи на учениците се планира да бидат изведени без попречување на наставата ,односно пред или после часовите,со присуство на класните раководители на паралелката или одделенскиот раководител. Сите вработени еднаш годишно мора да направат систематски преглед и бактериолошко испитување.

Со систематските прегледи се опфатени наставниците и учениците, а со стоматолошките систематски прегледи се опфатени сите ученици.

## 18.3 ВАКЦИНИРАЊЕ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ревакцина MRP** | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Прво одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| **Ревакцина DT и POLIO** | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Второ одделение | Заштита и превенција |
| **Ревакцина Tetanus и Poliomielitis** | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Осмо одделение | Заштита и превенција |
| **Вакцина HPV за девојчиња прва доза** | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Седмо одделение | Заштита и превенција |

| **Вакцини** | Во текот на целата учебна година | Претставник од здравствена установа | I – IX одделение | Заштита и превенција |
|---|---|---|---|---|

Со ова планирање предвидено е вакцинацијата на овие ученици да се изведе во амбуланта (согласно со насоките од МОН со кои се забранува вакцинација во училиштето поради несакани ефекти), придружувани од класен раководител и родител на ученикот.

Со календарот за имунизација и вакцинација, опфатени се ученици од 6-7 години и 12-13 години. При запишување на децата во прво одделение, задолжително се бара и потврда за примени вакцини за детето како услов за запишување.

## 18.4 ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА-ОБРОК ВО УЧИЛИШТАТА

| **Едукација на учениците преку работилници, Градба и функција на орална празнина** | октомври | Во училиште | Ученици од 6 до 9 години | Едукација на ученици и мерки за заштита и превенција |
|---|---|---|---|---|
| **Работилница „Правилна исхрана и контрола во внес на шеќери“** | ноември | Во училиште | Ученици од 6 до 9 години | Едукација и мерки за заштита и превенција |
| **Работилница „Правилна орална хигиена“** | февруари | Во училиште | Ученици од 6 до 9 години | Едукација на учениците за правилна орална хигиена |
| **Работилница „Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели“** | март | Во училиште | Ученици од 6 до 9 години | Мерки за заштита и превенција |
| **Исхрана во училиште<br>- правилна исхрана<br>- болести на исхраната<br>- здрави навики во исхраната<br>- квалитет на достап на храна** | септември | Училиште | I – IX одделение | Квалитетна и здрава храна за учениците во училиштето |

Едукативни предавања за одржување на хигиената при користење на тоалет пред и по јадење. Свеста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците се поттикнува преку предавања кои ги организира училиштето, работилници и индивидуални совети за учениците. Во сите одделенија од I-IX се врши редовна проверка на хигиената на учениците.

| Одделение | Активности |
|---|---|
| **I одделение** | Прегледување на хигиена на учениците |
| **II одделение** | Хигиена во училницата, хигиена на рацете, едукативна работилница |
| **III одделение** | Месечен преглед на хигиена на учениците, одржување на лична хигиена на раце пред и по појадок и ручек, насочување на редовно консумирање на приготвени оброци во училишната кујна , разговор за здрава и разновидна храна;<br>Организирано годишно осигурување на учениците |
| **IV одделение** | Договор за одржување на хигиената во училница од страна на дежурните ученици;<br>Преглед на вошливост, месечен преглед на хигиената на учениците,секој понеделник од страна на одговорен ученик, превентивен стоматолошки преглед |

| | |
|---|---|
| **V одделение** | Месечен преглед на хигената;<br>Договор за одржување на хигиена во училницата |
| **VI одделение** | Разговор за заразни болести-осврт кон декември-светски ден за борба против СИДА;<br>Хигиена во училница |
| **VII одделение** | Лична хигиена и хигиена во училница, стоматолошки преглед, предавање и едукација на тема Превенција од<br>заразни болести и други зависности од страна на градската организација на Црвен Крст |
| **VIII одделение** | Лична хигиена и хигиена во училница |
| **IX одделение** | Ревакцинација на тетанус и полио. |

# 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 19.1. ДИСЦИПЛИНА

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес, помеѓу учениците, наставниците и персоналот, како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Во текот на учебната 2023/2024 година во училиштето сите субјекти во воспитно- образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно.

Дисциплината е пропишана и се реализира според повеќе правни акти, меѓу кои: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерните правила за педагошки мерки, како и распоред на дежурства на наставниот кадар во училиштето. Во нив детално се разработени правилата за однесување на секој од горенаведените субјекти како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. Исто така, изработен е и календар за дежурство на наставниците, кој ќе придонесе за воспоставување на поголема контрола во училиштето. Во училишниот двор исто така ќе се води контрола во текот на целиот ден и сето тоа ќе биде проследено со писмена евиденција за тековните случувања.

Во паралелките климата ќе биде работна и поттикнувачка, а со однесувањето на наставникот ќе се охрабруваат учениците за позитивни и повисоки резултати.

## 19.2. ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во училиштето ќе се залага за :

- истакнување на трудови на ученици во училницата и училишниот хол;
- одбележување на значајни настани и активности со прикладна иконографија.

## 19.3. ЕТИЧКИ КОДЕКС

Училиштето ќе се залага:

- достојно извршување на функциите во училиштето;
- унапредување на наставната дејност;
- ширење култура;
- почитување на академските традиции, чување на достоинството и самодостоинството;
- грижа за децата;
- одржување и развивање на етиката и благородно однесување со неповредување, давање помош и развивање на општите хуманистички идеи.

Изложените вредности и норми на Етичкиот кодекс се задолжителни за сите вработени, ученици и родители во ООУ „Кузман Јосифовски – Питу“. Со овој кодекс сите се обврзуваат со својата чест дека ќе се придржуваат кон овие определби и норми како составен дел од својата професионална работа. Односите во училиштето се градат врз основа на достоинството и самодостоинството. Сите меѓусебно се почитуваат и никој не навредува и не повредува друг.

Во училиштето не е дозволено било каков вид на насилство, малтретирање, корупција и било кое однесување кое е спротивно на граѓанските и етички вредности.

## 19.4 ОДНОСИ МЕЃУ СИТЕ СТРУКТУРИ ВО УЧИЛИШТЕТО

***Активности со наставници***

За подобрување на односите меѓу сите структури во училиштето со цел остварување пријатна клима за работа, во учебната 2023/24 година ќе се спроведуваат различни облици на комуникациски вештини со наставниците, учениците и родителите.

1. Соработка со наставници од други етнички заедници во запознавање на различните култури – работилници кои ќе се оддржат со физичко присуство или онлајн;
2. Аспекти на најчести конфликти помеѓу различни структури во училиштето – дебата;
3. Репаративни пристапи во разрешување на конфликти – начини на организирање состаноци помеѓу страните во конфликтот – дебата;
4. Негување на тимска работа во колективот – начин на добра соработка – дебата.

***Активности со родители***

Во училиштето родителите редовно ќе бидат информирани, преку следните форми на соработка:

1. **Родителски средби на ниво на паралелка**. Овие средби се планираат од страна на одделенскиот раководител. Истите се реализираат пет пати во текот на една учебна година и тоа по следниот редослед: септември, ноември, јануари, март и јуни. По потреба одделенскиот раководител може да закаже и вонредни средби со цел решавање на некои заеднички проблеми.
2. **Индивидуални средби со одделенскиот раководител**. Овие средби се остваруваат на приемни денови определени од одделенскиот раководител.
3. **Индивидуални средби со предметни наставници**. Овие средби се остваруваат на приемните денови определени од активот на соодветната генерација.
4. **Општи родителски средби**. Овие средби се организираат на ниво на училиште од страна на директорот и стручните соработници во текот на годината и тоа во месеците: септември и март, а по потреба за решавање на одредени проблеми, почесто.
5. **Средби со директорот.** Родителите кои имаат потреба од средба со директорот на училиштето можат да ги остварат по претходно најавување.
6. **Соработката со Психологот на училиштето**. Оваа соработка се остварува со родителите на учениците во текот на сите работни денови на училиштето. Психологот во конкретни случаи секогаш дава приоритет на можноста на родителите за термин на соработка. Советувањето со родители е утврдено со програмата за работа на психологот. Овие средби со родители се задолжителни.

# 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување, кое го врши БРО, МОН и други институции.

## 20.1. ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ

За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот. Секој наставник на ниво на актив ги изнесува личните потреби за професионален развој, при што се изготвува Личен план за професионален развој. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од директор, стручни соработници и претседатели на активи.

## 20.2. АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Континуираното стручно усовршување, се наградува со напредување на наставниците во звања.

Во нашето училиште е избран еден наставник-ментор Александра Ќурчиевска. Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат семинари, вебинари, дисеминација, работилници и размена на искуства во рамките на активите. За својот професионален развој наставниците ќе водат професионално досие и професионално портфолио, а на крајот на учебната година ќе изработат извештај за реализацијата.

## 20.3. ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

На сите наставници, стручни соработници и останати вработени, ќе им биде овозможено професионално да се усовршуваат според своите интерес и определба, а своите знаења да ги применат во работата на училиштето. Личниот професионален развој наставниците можат да го стекнат во училиштето преку работата на стручните активи, работилници и отворени часови, но и надвор од училиштето, организирано или во сопствена режија. За индивидуалното стручно усовршување вработените прават личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата и професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и по претходно направена самопроценка и со поддршка на стручните соработници.

## 20.4. ХОРИЗОНТАЛНО УЧЕЊЕ

Знаењата, искуствата и стручното усовршување на наставниците стекнати од сопствената пракса во воспитно-образовниот процес и од разни семинари се споделуваат со другите наставници. Тоа искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминации, работилници и колегијална менторска поддршка. Врз основа на програмата за професионален развој, училиштето ќе подготви акциски планови во кои ќе бидат наведени активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење, како и очекуваните резултати и исходи.

## 20.5. КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Училиштето изработува план за професионалниот развој и кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар. За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со: Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, Професионалните стандарди за наставник-ментор, Професионалните стандарди за наставник-советник. Проценката од училиштето се прави за оној наставник кој се подготвува и се пријавил за напредување во звање и ја базира врз информации добиени: родители, ученици, наставници и училишна документација. Врз основа на Јавниот повик од МОН, исполнетоста на професионалните стандарди од БРО, оценките од професионалниот развој и мислењето од училиштето, нашето училиште се стекна со напредување на еден наставник во звање наставник–ментор. Евиденција за кариерниот развој на наставниците и стручните соработници се води во педагошкиот картон и професионалното досие.

## 20.5. КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Во процесот на кариерен развој на наставниците проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти, при што за постигнатоста на одредени стандарди најсоодветно е проценка да врши училиштето. За таа цел воспитно - образовниот кадар во училиштето треба да е запознаен со: Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот , Професионалните стандарди за наставник-ментор, професионалните стандарди за наставник- советник .

# 21.СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ

## 21.1. ВКЛУЧЕНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

Советот на родители во учебната 2024/25 година ќе работи по однапред изготвена програма. Улогата на Советот на родители во оваа учебна година ќе се базира на детектирање на состојбите во училиштето од аспект на потребни поправки на инвентарот и подобрување на

условите за работа, идејни планови за организација на активности во училиштето, учество во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите, организирање на распоред за средби со родители и отворен ден за прием.

**Програма на Советот на родители**

Советот на родители при ООУ„Кузман Јосифовски - Питу“ Скопје е составен од избрани претставници од секое одделение:

**Претседател на совет на родители: Софија Стојков (во септември ќе се избере нов).**

## 21.2. ВКЛУЧЕНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ И ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно –образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор.На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2024/2025 година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои две во прво и четити во второ полугодие.Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

## 21. 3. ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИТЕ /СТАРАТЕЛИТЕ

Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку соопштенија, брошури, флаери, плакати и др. Стручната служба континуиранореализира советодавно – консултативни разговори со родителите, а преку советодавната работа со родителите наменски и со целна група врши едукација на родителите од учениците кои имаат слаб успех, кои имаат голем број изостаноци и кои покажуваат асоцијално однесување.

# 22.КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Секое училиштето како воспитно-образовна институција треба да биде поврзана со своето опкружување и да работи на унапредувањата на взаемните односи. За правилно воспоставување на односите меѓу училиштето и опкружувањето, училиштето треба да го проучи своето опкружување и неговите проблеми. Односите треба да се градат врз принципот на взаемно влијание, односно училиштето да влијае врз средината, но и да прима од истата сè што е позитивно. Исто така, многу е препорачливо посочената соработка да се насочи на можноста програмските содржини на одредени институции да послужат за едукација на нашите ученици, како и за воспитно делување на истите, со овозможувањето на користење на објектите во непосредна близина (игралишта, читални, сали, спортски центри и сл.) за реализација на воспитно - образовните задачи на училиштето. Училиштето „Кузман Јосифовски – Питу“ има долга традиција на соработка со разни институции за реализирање на литературни, ликовни, спортски, драмски, еко, технички активности, меѓу кои би ги истакнале: Општина Кисела Вода, Библиотеката „Страшо Пинџур“, Домот на културата „Билјана Беличанец“ Факултетите, Музеј на Македонија, Музеј на Скопје, МТВ, приватни ТВ куќи, Македонско радио, Драмски театар, Министерството за образование и наука, Бирото за образование, Центар за Јавно здравје, Црвен крст на Република Македонија, Невладини организации и други институции во блиското и подалечно опкружување.

**Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Училиштето за учебната 2024/2025 планира реализација на соработка со локалната заедница, вклучување на локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, еколошки и хуманитарни акции, унапредување на наставата и промоција на работењето на училиштето. Овие активности ќе се реализираат низ повеќе форми на групна работа: состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис компании во локалното опкружување,

собири и здружувања по одредени поводи во училиштето. Ќе се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности преку усна и пишана информација, изложбени паноа, учество во медиумите и електронска комуникација.

**Инстутуции од областа на културата**

Училиштето во текот и на оваа учебна година ќе ја продолжи соработката со институциите од областа на културата, со што ќе ги поттикнеме учениците да дадат придонес во областа на културата и подигањето на општото културно ниво на средината.

Општествено – културната работа ќе се остварува преку повеќе форми на работа и со различни содржини, при што за учениците ќе се организираат посети на кино претставите, театарски претстави, опера, драма, изложби и литературни читања, Саемот на книгата, детски фестивали, согласно потребите.

И оваа година ќе ги следиме сите објавени конкурси и натпревари на кои ќе конкурираме со ликовни и литературни творби, ќе се организира посета на културно – историски споменици, музеи, библиотеки и слично.

**Институции од областа на образованието**

Соработката со овие институции ќе се реализира со цел за подобрување на ученичкиот стандард, успехот и поведението, дисциплината, социјалната положба и друго. За реализација на целите, училиштето ќе ја продолжи соработката со основните и средните училишта во општината и пошироко и со други установи кои ќе можат да помогнат кон поквалитетен воспитно – образован процес. Во текот на годината континуирано ќе се соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, Секторите за основно образование итн. Соработката ќе се реализира преку сите видови и начини на комуникација (пишана, електронска, усна), посети, споделување знаења, организирање обуки и семинари.

**Невладини организации**

Со цел афирмирање на активностите и постигањата на училиштето, обезбедување помош и поддршка на учениците, но и поуспешна реализација на наставата – училиштето е отворено за соработка со организации од невладиниот сектор.

**Спортски друштва**

Активностите на планот на соработка со спортските друштва ќе се реализираат преку учество на нашите ученици на локални, општински и државни натпревари во разни спортови.

И оваа година нашето училиште ќе земе активно учество во проекти преку кои се реализираат активности за ученици од определена возраст, но и проекти преку кои училиштето се стекнува со соодветни донации во областа на спортот.

Целта е преку сите овие активности да се поттикне спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците.

**Здравствени организации**

Грижата за здравјето на учениците е најважна, затоа нашето училиште во текот на целата година повторно планира континуирана соработува со ЈЗУ Поликлиника „Јане Сандански“ – Скопје. Преку соработка со оваа институција перманентно, превентивно и континуирано ќе се заштитува здравјето на учениците.

Ќе ја продолжиме и соработката со ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ – Скопје, за редовните санитарни прегледи на вработените.

**Медиуми**

Соработката со медиумите е важен дел од соработката со јавноста. Како секое современо училиште, така и нашето има потреба од афирмација на работата и постигнатите резултати.

Целта на оваа соработка е пред се можноста за поширока афирмација на ученичкото творештво и постигања во разни области, но и јавноста да има увид во начинот на работење, целите и резултатите што се постигнуваат.

И оваа учебна година нашето училиште планира соработка со печатени и електронски медиуми пред сѐ со нивните редакции за детска програма.

Континуирана медиумска покриеност, за сите случувања и активности во училиштето ќе продолжи да се реализира преку социјалните мрежи и на web-страната на училиштето. Училиштето има свои страници/профили на социјалните мрежи каде повторно на дневна основа ќе може да се следат активности и постигања на учениците во разни области.

## 23. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| 1. Унапредување на професионалните компетенции на наставниците заради подобра настава | во текот на целата учебна година | директор,психолог,педагог | директор, психолог и одговорни лица |
| 2. Осовременување на наставата преку набавка на наставни средства, помагала и ИТ опрема | во текот на целата учебна година | директор, | директор, одговорни лица |
| 3. Поголема вклученост на учениците во воннаставните активности | во текот на целата учебна година | директор, психолог,педагог и одговорни наставници | |
| 4. Унапредување на мултикултурализмот | во текот на целата учебна година | директор, психолог, педагог и одговорни наставници | |

## 24.ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Во текот на учебната 2024/2025 година, училиштето ќе ги реализира и спроведува планираните активности, а воедно ќе врши следење и евалуација на акциските планови.

Како дел од програмата во прилог број 32 е поставена програмата и инструментот со кој ќе се врши следењето и евалуацијата на истата.

## 25. ЗАКЛУЧОК

Годишната програма за работа на училиштето се базира на Законот за основно образование, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 2019 година. Бр. 08-4389/1 од 30 јули 2019 година, (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година). Врз основа на член 46 став (6) од Законот за основно образование („ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр,161/19, Министерот за образование и наука донесе Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на Основните училишта. Во учебната 2024/2025 година , ООУ„ Кузман Јосифовски-Питу ќе продолжи да ја негува и дополнително да ја развива соработката со сите засегнати чинители. Соработката ќе продолжи како со локалната заедница и општината, така и со приватниот и невладиниот сектор со крајна цел каде што во примарен интерес е ученикот. Воспитно-образовниот кадар ќе се стреми кон развивање лични и професионални вредности, почитувајќи ги принципите на духовните и материјални еко вредности. Училиштето ќе продолжи да ги поддржува и и развива спортскиот дух и натпреварување, добросостојбата, креативноста на учениците како и воспитно-образовниот развој и напредок. Органите на училиштето според функцијата и надлежностите, заедно ќе продолжат да даваат активно учество и придонес во остварување на целите од годишната програма за учебната 2024-2025 година. Воннаставните активности ќе го застапуваат индивидуализираниот пристап кон секој ученик, како и неговата примена и бенефит во групната работа. ООУ„ Кузман Јосифовски -Питу“ ќе продолжи да ја актуелизира важноста на животните вештини, ставајќи акцент на толеранцијата, меѓусебното почитување, личната и колективната одговорност, инклузивност и здрави животни навики.

## 26.КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

Во изготвување на Годишната програма за работа на ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“ - Скопје учествуваа:

1. Андреја Стојанов – директор;
2. Александра Ќурчиевска – наставник ментор;
3. Мито Тасевски – психолог;
4. Елена Ѓореска – педагог;
5. Маја Бањанска – дефектолог;
6. Викторија Смилевска – наставник, дефектолог;
7. Наташа Тасевска – одделенски наставник;
8. Павлина Урдаревска – наставник по англиски јазик;
9. Петар Филиповски – наставник по математика;
10. Бојана Мушкарска – наставник по информатика.

Годишната програма ја лекторираше: Елизабета Камческа Ајановска – наставник по македонски јазик.

## 27. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Законот за основно образование;
2. Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на Основните училишта;
3. https://www.google.com/search?q=%D0%9C%D0%9E%D0%9D&rlz=1C1NHXL_enMK844MK844&oq=%D0%BC%D0%BE%D0%BD&aqs=chrome.0.69i59.2550j0j7&sourceid=chrome&ie=UTF-8.

# ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

# ПРИЛОГ БР.1 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

**ДИРЕКТОР – Андреја Стојанов**

Приоритетните задачи на директорот во учебната 2024/25 година ќе бидат насочени кон планирање, организирање, координирање и евалуација на сите фактори и субјекти во училиштето:

- Грижа за финасиско работење;
- Надзор на администрација;
- Застапување на училиштето;
- Учество во изработка на извештаи;
- Анализи од областа на дејноста;
- Координирање на работата на органите;
- Следење и анализа во работата на наставниците;
